**Влада на Република Северна Македонија**

Бр.**44-2282/54**
Скопје, 19 мај 2020 година

**ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО**

**С К О П Ј Е**

**И З В А Д О К**
**од Нацрт – записникот од Педесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 мај 2020 година**

**„ТОЧКА 3:** Записник од Педесет и четвртиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 19 мај 2020 година

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Педесет и четвртиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 19 мај 2020 година и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата, ги усвои следниве заклучоци:

1. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, во однос на патниците од странските земји кои влегуваат на територијата на Република Северна Македонија, по завршување на временскиот период од 21 ден или 14 дена во задолжителен државен карантин, истите не е потребно да бидат упатени во дополнителна домашна самоизолација.

2. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство за нормализирање на јавниот градски и меѓуградскиот јавен превоз од и кон Општина Куманово.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување на Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија.

3. Се задолжува Министерството за здравство да го зголеми капацитетот на здравствениот кадар (еден инфектолог и еден епидемиолог) за потребите на Општина Тетово и Тетовскиот Регион, како и да ја согледа можноста за зголемување на бројот на тестирања за COVID-19.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

4. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги преземе сите неопходни активности за реализирање и исплата на фактурата кон хотелот Дебарски бањи Цапа за трошокот настанат при сместувањето во прогласената кризна состојба на територијата на општините Дебар и Центар Жупа."

**ПРИЛОГ 1:-Записник од ГККШ**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

ДОСТАВЕНО И ДО:
-сите државни институции
- Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија
- Комисијата за заразни болести
-Заедницата на единиците на локалната самоуправа
-Секторот за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија
-стопанските комори во Република Северна Македонија

Подготвил: Зоран Брњарчевски
Контролирал: Љубица Р. Димовска / Ирма Мандева
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија

Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Влада на Република Северна Македонија

- КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА -

Скопје, 19 мај 2020 година

Архивски број: 08-780/54

Влада на Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
... НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
Примено: / E pranuar: 20-05-2020
Орг. Един. / Njësia Org.: 41 | Број: / Numër: 2282/54 | Прилог: / Shtojcë: | Вредност: / Vlerë:

## ЗАПИСНИК

## од Педесет и четвртиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 19 мај 2020 година

На 19 мај 2020 година (вторник), со почеток во 9.30 часот, преку видео – конференциска врска со употреба на интернет комуникација, се одржа Педесет и четвртиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

Со Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, раководеше раководителот на Главниот координативен кризен штаб, Оливер Спасовски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

Во видео – конференциската врска преку употреба на интернет комуникација, учествуваа членовите на Главниот координативен кризен штаб и тоа: заменикот на раководителот на Главниот координативен кризен штаб, м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, Мила Царовска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Агрон Буџаку, директор на Центарот за управување со кризи и Аднан Џафероски, директор на Дирекцијата за заштита и спасување.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

Во видео – конференциската врска преку употреба на интернет комуникација, учествуваа и Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Славјанка Петровска, дополнителен заменик на министерот за внатрешни работи, д-р Драги Рашковски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, Викторио Димовски, директор на Агенцијата за национална безбедност, Зоран Попов, државен секретар во Министерството за надворешни работи, Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Петре Шилегов, градоначалник на Град Скопје и претседател на Заедницата на единиците на локалната самоуправа, Тоше зафиров, советник на Претседателот на Република Северна Македонија.

На овој состанок на Главниот координативен кризен штаб одржан преку видео – конференциската врска преку употреба на интернет комуникација, не учествуваа, Садула Дураки, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија и д-р Арбр Адеми, министер за образование и наука.

*

* *

На состанокот на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 **се утврди следниот Дневниот ред:**

**Точка 1:**

Тек и прогрес на активностите на сите надлежни институции за обезбедување целосна координација во врска со спречување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19

**Точка 2:**

Прашања и предлози

*

* *

Пред отворање расправа по материјалите во рамки на Дневниот ред, претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски, поединечно ги потврди сите присутни и отсутни лица од оваа видео – конференциска комуникација.

Потоа, членовите на Главниот координативен кризен штаб, секој од своја надлежност информираа за реализацијата и спроведувањето на сите заклучоци, мерки и препораки усвоени на претходниот состанок, што е спроведено и на кој начин.

**По однос на точката 1 од Дневниот ред,** министерот за здравство, доц. д-р Венко Филипче, ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб за состојбите, текот и прогресот на активностите на сите здравствени екипи од сите надлежни институции, како и за реализација на задолженија, мерки и препораки заради координација во врска со спречувањето на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, како и за состојбата на клиниките и здравствените установи низ државата, која ја оценува како стабилна. Сите надлежни институции тековно ги следат состојбите низ здравствените установи во Република Северна Македонија.

Исто така, Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство изврши презентација на новите текови на Коронавирусот COVID-19.

Согласно доставените материјали, информирањето и предлозите изнесени во расправата на состанокот од членовите и другите присутни лица по однос на оваа точка, **Главниот координативен кризен штаб, ги усвои следниве заклучоци:**


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

1. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, во однос на патниците од странските земји кои влегуваат на територијата на Република Северна Македонија, по завршување на временскиот период од 21 ден или 14 дена во задолжителен државен карантин, истите не е потребно да бидат упатени во дополнителна домашна самоизолација.

2. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство за нормализирање на јавниот градски и меѓуградскиот јавен превоз од и кон Општина Куманово.

3. Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство за наредниот состанок на Главниот координативен кризен штаб да достави предлог во однос на забрана и посебен режим на движење за претстојниот верски празник овој викенд.

4. Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги преземе сите неопходни активности за реализирање и исплата на фактурата кон хотелот Дебарски бањи Цапа за трошокот настанат при сместувањето во прогласената кризна состојба на територијата на општините Дебар и Центар Жупа.

5. Главниот координативен кризен штаб се информираше со Податоците за констатирани прекршоци за не носење лична заштита на лицето во период од 7.00 часот на 18.5.2020 година до 7.00 часот на 19.5.2020, со збирна табела на констатирани прекршоци, доставени од Министерството за внатрешни работи – Биро за јавна безбедност.

6. Главниот координативен кризен штаб се информираше со Дневниот извештај доставен од Државниот санитарен и здравствен инспекторат за 18 мај 2020 година.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

7. **Главниот координативен кризен штаб се информираше со Дневниот извештај за извршени надзори од Државниот инспекторат за труд за 18 мај 2020 година.**

8. **Главниот координативен кризен штаб се информираше со Извештајот за спроведени инспекциски надзори од Државниот пазарен инспекторат за 18 мај 2020 година.**

9. **Го разгледа Барањето доставено од Здружението за одржлив развој и заштита на животната средина „Гоу Грин“ од Скопје, од 15 мај 2020 година и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за здравство, Министерството за економија и Министерството за финансии, со цел доставување на одговор по предметното Барање.**

10. **Го разгледа Барањето доставено од АД за производство и промет со производи на црна металургија – ладно валан лоцинкуван и пластифициран лим - Либерти Скопје, под бр.03-33/20-23 од 18 мај 2020 година и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, со цел за нареден состанок на Главниот координативен кризен штаб да се подготви предлог-протокол по однос на постапувањето со лицата кои ќе влегуваат на територијата на Република Северна Македонија заради продолжување на производствени процеси или при постоење на економска оправданост на правни лица и дали истите ќе има потреба да приложуваат направен тест за Коронавирус, во кој временски период да биде извршено тестирањето, важноста на веќе направен ваков тест и по категории кои ќе ги предвиди Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство.**

**По усвојување на ваквиот протокол, со услови и начин на влез на територија на Република Северна Македонија, ќе се одлучува по предметното Барање.**


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

11. Го разгледа Барањето доставено од Друштвото за градежништво, трговија и услуги ЛИМАК ДОО под бр.0302-69/01 од 18 мај 2020 година и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, со цел за нареден состанок на Главниот координативен кризен штаб да се подготви предлог-протокол по однос на постапувањето со лицата кои ќе влегуваат на територијата на Република Северна Македонија заради продолжување на производствени процеси или при постоење на економска оправданост на правни лица и дали истите ќе има потреба да приложуваат направен тест за Коронавирус, во кој временски период да биде извршено тестирањето, важноста на веќе направен ваков тест и по категории кои ќе ги предвиди Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство.
По усвојување на ваквиот протокол, со услови и начин на влез на територија на Република Северна Македонија, ќе се одлучува по предметното Барање.

12. Го разгледа Барањето за доставување на информации и насоки во врска со упатување на вработени од Градежен институт МАКЕДОНИЈА АД Скопје на работа во Република Српска, Босна и Херцеговина во услови на вонредна состојба доставено од Градежен институт Македонија, под бр.03-808/1 од 18 мај 2020 година и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, со цел за нареден состанок на Главниот координативен кризен штаб да се подготви предлог-протокол по однос на постапувањето со лицата кои ќе влегуваат на територијата на Република Северна Македонија заради продолжување на производствени процеси или при постоење на економска оправданост на правни лица и дали истите ќе има потреба да приложуваат направен тест за Коронавирус, во кој временски период да биде извршено тестирањето, важноста на веќе направен ваков тест и по категории кои ќе ги предвиди Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство.
По усвојување на ваквиот протокол, со услови и начин на влез на територија на Република Северна Македонија, ќе се одлучува по предметното Барање

13. Го разгледа и условно го одобри Барањето доставено од Насир Хазир, од с.Врапчиште Гостивар и истото го достави на разгледување и на понатамошно постапување до Министерството за здравство, со цел да достави одговор по предметното Барање дали истото е опрвадано.

14. На наредниот Главен координативен кризен штаб да се разгледа Барањето доставено од Далибор Тасевски од Скопје по усвојување на протокол по однос на постапувањето со лицата кои ќе влегуваат на територијата на Република Северна Македонија заради продолжување на производствени процеси или при постоење на економска оправданост на правни лица и дали истите ќе има потреба да приложуваат направен тест за Коронавирус, во кој временски период да биде извршено тестирањето, важноста на веќе направен ваков тест и по категории кои ќе ги предвиди Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство.
По усвојување на ваквиот протокол, со услови и начин на влез на територија на Република Северна Македонија, ќе се одлучува по предметното Барање.

15. Го разгледа и го одобри Барањето доставено од Ебиби Армин од Неготино – Полошко, Општина Врапчиште за транзит кон Република Србија и Министерството за надворешни работи да асистира за напречен транзит на лицата наведени во предметното Барање.

16. Го разгледа и условно го одобри Барањето доставено од Артан Аџиреџа од Дебар, согласно медицинската документација што дополнително треба да биде доставена до Министерството за здравство и доколку истото биде оценето за оправдано, а Министерството за надворешни работи да асистира за непречен транзит на лицата наведени во предметното Барање.

17. Го разгледа и условно го одобри Барањето доставено од Рејхане Имери, доколку Министерството за здравство по разгледување на приложената медицинска документација, истото го оцени за оправдано.

18. Го разгледа и условно го одобри Барањето доставено од Бедри Исмаили од с.Стримница Тетово, доколку Министерството за здравство по разгледување на приложената медицинска документација, истото го оцени за оправдано.

19. Го разгледа и го одобри Барањето доставено од Елизабета Велјановска Цекиќ за непречен излез од територијата на Република Северна Македонија, а Министерството за надворешни работи да обезбеди непречен транзит за ова лице до Република Србија.

20. Го разгледа и условно го одобри Барањето доставено од Митко Стоилов за упатување во домашна самоизолација, доколку Министерството за здравство по разгледување на приложената медицинска документација, истото го оцени за оправдано.

21. Го разгледа и го одобри дополнетото Барање доставено од Демир Импекс-с од Куманово и Министерството за надворешни работи да асистира за напречен транзит на лицата наведени во предметното Барање.

22. Го разгледа и го одобри Барањето доставено од Олег Цингарски и Министерството за надворешни работи да асистира за напречен транзит на лицето од предметното Барање.

23. На наредниот Главен координативен кризен штаб да се разгледа Барањето за изземање од државен карантин и домашна самоизолација за член на Управен одбор на УНИ Банка АД Скопје, под бр.1516/2420-1/2020 од 18 мај 2020 година, по усвојување на протокол по однос на постапувањето со лицата кои ќе влегуваат на територијата на Република Северна Македонија заради продолжување на производствени процеси или при постоење на економска оправданост на правни лица и дали истите ќе има потреба да приложуваат направен тест за Коронавирус, во кој временски период да биде извршено тестирањето, важноста на веќе направен ваков тест и по категории кои ќе ги предвиди Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство.

По усвојување на ваквиот протокол, со услови и начин на влез на територија на Република Северна Македонија, ќе се одлучува по предметното Барање.

24. Го разгледа и условно го одобри Барањето доставено од Валдрина Кадрији, доколку Министерството за здравство по разгледување на приложената медицинска документација, истото го оцени за оправдано и доколку е потребно да асистира во реализацијата на предметното Барање.

25. Го разгледа и го одобри Барањето за предвремен престанок на самоизолацијата на Анет Марија Манчева Галевска и Никола Галевски и транзит кон Солун, Република Грција и Министерството за надворешни работи да асистира за напречен транзит на лицата наведени во предметното Барање.

26. Го разгледа и го одобри Барањето доставено по електронска пошта за обезбедување на транзит на македонски државјани низ Република Србија кон Република Унгарија и Министерството за надворешни работи да асистира за напречен транзит на лицата наведени во предметното Барање.

27. Го разгледа Барањето доставено од Бранко Митровски кој е спроведен во задолжителен државен карантин и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за здравство, со цел да се оцени постапката и оправданоста на издадената Дозвола од Државен санитарен и здравствен инспекторат, под бр.04-5081/2 од 18.05.2020 година и доколку истото го оцени за оправдано да се реализира предметното Барање.

28. По повод Барањето доставено од Нада Прочкова сите ресорни министерства на своите веб страници да објават пречистени текстови на уредбите со законска сила, а ЈП Службен весник на Република Северна Македонија да ја разгледаат можноста да објават редакциски пречистени текстови на донесените/објавени уредби со законска сила.

29. Го разгледа и го одобри Барањето доставено од Зуди Илази и Министерството за надворешни работи да асистира за напречен транзит до Република Германија на лицата наведени во предметното Барање.

30. Го разгледа и го одобри Барањето доставено од Војо Ивановски и Министерството за надворешни работи да асистира за напречен транзит до Република Италија на лицата наведени во предметното Барање.

31. Го разгледа и го одобри Барањето на Стојче Насев, согласно приложената медицинска документација и Министерството за надворешни работи да асистира за напречен транзит до Велика Британија на лицата наведени во предметното Барање.

32. Го разгледа и го одобри Барањето на Марина Радева, согласно приложената медицинска документација и Министерството за надворешни работи да асистира за напречен транзит до Република Хрватска на лицата наведени во Предметното Барање.

33. Го разгледа и условно го одобри Барањето доставено од Јаковлевска Јасмина за изземање од задолжителен државен карантин за неа и својата мајка Викторија Јаковлевска, доколку Министерството за здравство по разгледување на медицинската документација што дополнително треба да биде доставена (за нејзиниот татко Драган Јаковлевски), истото го оцени за оправдано.

34. Го разгледа и го одобри Барањето доставено од Илија Камчев, односно имајќи ја предвид возраста на детето, ова семејство да биде упатено во домашна самоизолација.

35. Го разгледа и го одобри Барањето доставено од Антевска Милица, односно имајќи ја предвид возраста на детето, ова семејство да биде упатено во домашна самоизолација.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

36. Го разгледа и го одобри Барањето доставено од Емини Мерџан, односно имајќи ја предвид возраста на детето, ова семејство да биде упатено во домашна самоизолација.

37. Ги разгледа препораките и заклучоците доставени од Советот на странски инвеститори за поддршка на приватниот сектор како одговор на економијата предизвикано од Коронавирусот, под бр.121-568/2 од 12 мај 2020 година и истите ги проследи на разгледување и понатамошно постапување до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за финансии и Министерството за економија.

38. Ја разгледа Вербалната нота доставена од Амбасадата на Република Словенија во Скопје, под бр.52161-480/20, за влез во територијата на Република Северна Македонија на високи службеници во компании со мнозинство словенечки капитал во Република Северна Македонија и истата ја проследи до Министерството за надворешни работи за понатамошно разгледување и постапување доколку се работи за дипломатксиакредитирани лица како што е наведено во предметното Барање.

39. Го разгледа Барањето доставено од Игротека Бики Баки и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, како и до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за финансии, Министерството за економија, со цел доставување одговор по предметното Барање.

40. Го разгледа и го одобри Барањето доставено од Решат Ибиши од Куманово и Министерството за надворешни работи да асистира за непречен транзит до Република Италија.

41. **Го разгледа и го одобри Барањето доаставено од Џафери Неби, односно дозволи влез на територија на Република Северна Македонија на него и неговиот брат, поради присуство на погреб на нивниот татко, без спроведување во задолжителен државен карантин.**

**Овие лица при влез на територија на Република Северна Македонија, за време на погребот и по напуштање на границите на Република Северна Македонија (истиуот ден) да бидат под постојана полициска придружба.**

*

*　　　*

**По однос на точката 2 од Дневниот ред,** немаше прашања, ниту предлози.

*

*　　　*

Горенаведените, заклучоци, препораки и констатации беа едногласно прифатени, без забелешки од членовите на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 и за задолженијата кои произлегуваат од истите веднаш да бидат информирани сите надлежни институции, со цел нивно итно операционализирање и реализирање.

*

*　　　*

Содржината на овој записник е од интерен карактер за органите на државната управа и другите државни институции и задолженијата кои произлегуваат од истиот се однесуваат исклучиво на примателот на задолжението.

На овој состанок одржан преку видео – конференциската врска преку употреба на интернет комуникација е воден записник.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА**
**МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**



Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS